ВЕРА БИТРАКОВА ГРОЗДАНОВА
Филозофски факултет
Скопје

УДК 903.27:73.027.1:292(38: 497.17)

Апстракт: Авторот обелоденувајќи ги трите претстави на Кибела од Варош–Прилеп–Ceramiae, прави преглед на досега откриените ликови на богинката во СРМ. Преку анализата и аналогиите констатира дека култот е присутен во долината на Вардар и Деуриопос од III век пр. н.е. до царскиот римски период. Постарите примери смета дека се настанати под влијание на грчкото копно преку колониите на северно–егејскиот брег, а оние од Варош се одраз на малоазиските влијанија, продрени индиректно преку трачкиот и македонски брег во каснохеленистичкиот период.

# ЛИКОВНИТЕ ПРЕТСТАВИ НА КИБЕЛА ОД ВАРОШ И НЕЈЗИНИОТ КУЛТ ВО МАКЕДОНИЈА

Последните десетина години на интензивни ископувања кај Варош во Прилеп пружија податоци за живеење и создавање на овој простор во еден подолг временски период, од раната антика до средниот век[1]. Во еден од хеленистичките културни хоризонти откриени се фрагменти од бројна керамичка пластика заедно со типичната мегарска кермаика. Во керамопластиката со сигурност можат да се реконструираат и идентификуваат три претстави на фригиската мајка на Боговите Кибела. Трите припаѓаат на ист иконографски тип на оваа богинка од ориентално потекло одомаќено во хеленскиот културен круг, на грчкото копно, на островите, на јонскиот брег[2]. И покрај големата сличност на овие примери тие се разликуваат во некои детали, во стилските особености и во димензиите.

---

[1] Локалитетот се идентификува со градот Ceramiae, види I. Mikulčić, TIR, 137; F. Papasoglou, *Les villes de Macédoine à l'époque romaine*, Paris 1988, 291.
Поради запланираното учество на авторот на прилогот во научно–истражувачкиот проект раководителот д–р Б. Бабиќ љубезно ги отстапи теракотите за објавување.

[2] H. Graillot, *Le culte de Cybèle, Mère des Dieux à Rome et dans l'Empire romain*, Paris 1912; P. Decharne, *Cybèle*, DAGR, 1677–1690; F. Cumont, *Les religions orientalles dans la paganisme romain*, Paris 1929; E. Will, *Le relief cultuel gréco–romain*, Paris 1955, 132, 153, 429; M.J. Vermaseren, *Cybele and Attis, The Myth and the cult, London* 1978.

Најголемата теракота која е за жал доста оштетена во пределот на бистата, сочувана е до висина од 24 см.; со реконструкција целата би изнесувала до 32 см. (сл. 1). Богинката е седната на стол–катедра, со висок наслон сочуван на десната страна со тролистен крај. Облечена е во долг хитон, огрната со химатион, префрлен преку скутот којшто преминува спрема левата рака во која држела веројатно тимпанон, а во десната патера; лево и десно од столот вградени се два лава фронатално поставени, вообичаените атрибути на богинката. Облеката е фино и меко моделирана, поврзана со појас високо поставен под градите. Но, извесни детали како да се недоработени, на пр., прстите на нозете, лавјите шепи и покрај тоа што е направен напор од страните на седиштето да се пластично изведат животните. Поради статичноста, теракотата е поставена на широк многуаголен постамент со што се сугерира и волуменот на столот. Внатрешноста е шуплива со видливо изведен кружен отвор на плеќите потребен при калупењето.

Другата претстава единствено комплетно сочувана (висина 14 см.) е идејна копија на првата (сл. 2). Тука богинката во левата рака го поддржува химатионот и тимпанонот. На главата калатосот е дефиниран во вид на корона муралис. Целата е изработена со бројни детали: косата со долги кадри кои се спуштаат на градите стилизирано формирани, химатионот густо моделиран во скутот, лавовите со пластично изведена анатомија, а наслонот на катедрата завршува со दволист; но се чувствува одредена истрошеност што се должи веројатно на подолготрајната употреба на калапот од којшто е одлиена.

Третата претстава е доста оштетена во средината (сл. 3). Таа е нешто поголема од претходниот примерок, можеби до висина од 20 см., што може да се заклучи спрема големината на лавовите и на главата, на којашто носи конусен калатос. Косите се пореалистично третирани, а лицето е овално моделирано. Бистата е внимателно реботена додека лавовите се послабо пластично третирани. Во прв момент се чини дека теракотите се комплетно исти, но со подетална анализа и покрај истата иконографска замисла очигледни се разликите на мајсторската рака. Верувам дека се работи за едно култно место а не за присуство на ателје. Спрема стилските особености припаѓаат на каснохеленистичкиот период.

Овој наод на култната слика на Кибела, како што е познато, не е осамена појава на територијата на СРМ. По долината на Вардар во наоѓалиштата се откиени повеќе скулптурални изведби било во релјеф или скулптура, во мермер и теракота. Нивното обелоданување е проучување и изведено

од повеќе автори со сукцесивното откривање[3]. Во оваа прилика би сакала да ги подвлечам просторите на откривањето и на потврдите за присуство на култот кон Големата Мајка во античкиот период во третираното подрачје, да ги потенцирам различните иконографски претстави, да укажам на аналогиите со наодите од егејскиот поширок ареал и времетраењето. Засега за жал не е откриен ниту еден епиграфски споменик кој би зборувал за почитувањето на ова божество во нашите краишта.

Со досегашните откривања на ликовните претстави очигледно беше присуството на култот во некои пунктови по долината на Вардар. Бројни примери на каменна пластика и теракота, сочувани цели или во фрагменти, се откриени во Марвинци, кои упатуваат на периодот од раниот хеленизам до крајот на I век пр.н.е. По долината на Вардар култот продира до Стоби. И покрај тоа што се повеќето познати, со последните наоди од Варош се добива поцелосна слика за почитувањето на Кибела во Пајонија (долината на Вардар и Деуриопос).

Познавајќи ги различните иконографски замисли во оваа фаза на сознанија можат да се издвојат неколку типови на оваа богинка господарка на природата, застапени на нашето подрачје. Се чини дека нејзините различни изведби се резултат и на влијанијата кои доаѓале од југ или исток и во еден подолг период. Продорите можат да се поврзат со одделни центри кои се најблизу до Македонија и Пајонија, а низ кои поминувале патиштата на културните влијанија.

Една од најраните претстави на Кибела на разгледуваното подрачје е типот на двојната слика на богинката од Марвинци изведена во релјеф. Овој веќе одамна познат наод со претстава во двоен наискус со фронтон, ги има сите атрибути на богинката (патера и тимпанон во рацете, калатос на главата, лав на десниот наслон)[4]. Таа ги носи стилските одлики на раниот хеленизам. Во мноштвото на примери од Грција и островите овој тип се среќава најчесто во Атина и Атика, каде, како што е познато, култот е рано присутен, а веќе од раниот V век изграден е храм во просторот на Агора[5]. Извонредна сличност имаат примероците од Националниот музеј

[3] В.Јосифовска, *Античкиот град на Исарот*, Разгледи 9 (109), Скопје 1958; S. Düll, *Die Götterkulte Nordmakedoniens in römischer Zeit*, München 1977, 153–154, 415–416; В. Соколовска, *Исар Марвинци*, Скопје 1986, 92–93; иста, *Ликовни претстави на Кибела*, МАА 9, 113–127; В. Битракова Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во СРМ, Скопје 1987, 124–126, 136.

[4] S. Düll, op. cit., 153–154; В. Битракова, op. cit., 124, T.V 3; В. Соколовска, МАА 9, 116, sl. 2;

[5] P. Decharne, op, cit., 1686; Arr. Peripl. 9; Plin. Hist. natur. XXXVI, 17.

во Атина, од Музејот на Акрополис, од Истмос, во атичкиот круг и поретко на островите како Делос[6].

Другиот тип е застапен со претствата на богинката од Марвинци каде седи на престол; на наслоните плитко се исклесани аколити, а во рацете држи патера и тимпанон[7]. Аналогни изведби било слободно или во едикула–наискус се среќаваат исто така во атинскиот круг каде што е изведен и лав кој лежи во скутот на богинката. Најраните примероци на овој тип датирани се во IV век пр.н.е., а фигурата на девојката јасно е дефинирана како Кора со факел во рацете, а момчето како Хермес[8]. Е. Вил во некои примероци фигурите на антите ги идентификува со аколити[9]. Во претставата од Марвинци фигурите немаат атрибути, а површноста на имитирањето на мострата е очигледна. Некои автори сметаат дека оваа иконографска слика, карактеристична за атинските наоди, има свои пандани во малоазискиот круг (на пр., како наодот од Ефес)[10].

Третиот тип ја претставува Кибела седната, со тимпанон и патера во рацете, облечена во хитон со химатион, додека во десниот наслон на столот вграден е еден лав[11]. Имајќи ги на увид сите елементи и начинот на третирањето на облеката, таа е работена по класичните шеми. Меѓутоа, сличните изведби од атичкиот круг најчесто оние од IV век имаат лав во скутот а не и на наслонот[12]. Повеќето слични претстави ги среќаваме на островите Делос, Санторино, Егина, Крф, Тасос од V век, Коринт од IV век[13]. Во Хистрија црноморска присутни се во хеленистичкиот период[14], а дел од атинските примери припаѓаат на римската епоха[15].

Четвртиот тип на Кибела е теракотната статуа од Марвинци, облечена во долг пеплос потпасан високо, би рекла една варијанта со класични елементи[16]. И покрај тоа што е оштетена може да се насети дека во десната рака држела тимпанон. Нозете се подигнати на столче поставено на лавји

[6] M.J. Vermaseren, *Corpus cultus Cybelae Attidisque II, Graecia atque insulae*, Leiden 1972, br. 183, 239, 241, 328 (Атина и околина), бр. 454 од Истмос, бр. 461 од Коринт, бр. 512 од Крф, бр. 611 од Делос.

[7] В. Битракова Грозданова, op. cit., 225, T. V 2; В. Соколовкса, Античка скулптура во СРМ, Скопје 1987, 209; иста, МАА 9, 116.

[8] M.J. Vermaseren, 1982, br. 45, 182, 167, 278, 288, 311, 320, 330, 339, 425.

[9] E. Will, op. cit., 429–430.

[10] Lbid. 430.

[11] В. Јосифовска, op. cit.,; В. Соколовска, МАА 9. 115; В. Битракова, op., 126, T. V 1.

[12] M.J. Vermaseren, 1982, br. 160, 167, 196, 201, 237, 259, 292, 311, 317.

[13] Libid., br. 518, 525, 586, 610,

[14] G. Bordenache, *Sculpture greche e romane,* Bucarest 1969, 45–47, 50.

[15] M.J. Vermaseren, br. 38, 40, 42, 48, 71.

[16] В. Соколовска, МАА 9, 115; ista, 1986 87; В. Битракова, 137.

шепи. Богинката газии две брадати машки глави што е уочено во студијата на В. Соколовска, веројатно аколити–гали. Но, газењето на лавот од богинката (шепите на кои стои), потсетува на нејзиното азиско потекло. Некои идејни аналогии се среќаваат во хетитската и сумерската уметност, а стилски во пергамонскиот круг. Одделни сличности со претставување на лавот под нозете на богинката може да се сретне и во некои наоди од Атина[17].

Петтиот тип е најбројно присутен; богинката е седната на престол со два лава на наслонот фронтално поставени. Тука припаѓаат трите статуети од Варош, веќе опишани, од хеленистичкиот период, еден релјеф од Стоби и една статуа од Новоселани од прилепскиот реигион; двете последни датираат од римскиот период[18].

Теракотната индустрија на хеленистичкото време би рекла во голема мера помага околу идентификувањето на култните места врзани за одделни божества. Во керамичките ателјеа на Абдера, Троја, Мирина, Амфиполис[19] се откриени речиси исти примери како оние од Варош. Високиот стол–катедра со наслон кој завршува тролисно или дволисно е нивно типично обележје. Се чини дека тие имитираат некоја монументална мермерна статуа која го имала истиот изглед во времето на развиениот и касен хеленизам. И во Музејот во Солун се чува една мермерна статуета со истиот изглед[20]. Инаку, познато е колку други ремек дела претставувале мостра во скоро индустриското производство на теракотите од хеленистичкиот период. Во истражувањата во античка Македонија (на територијата на Грција) се истакнува реткоста на наодите до римскиот период во западните простори, но, во централниот дел е констатирано поинтензивно присуство (Пела, Олинтос, Солун)[21]. Од Пела треба да се посочат примерите скоро идентични со оние од Варош, со калатос или со тврдина на главата (Mater turrigena, πυργοφόρος) дефинирано како εργαστήριο πέλλας, од крајот на II или почетокот наI век пр.н.е[22]. Инаку, да подвлечем дека заправо овој тип на Кибе-

---

[17] В. Битракова, op. cit., 136–137; T. Hadzisteliou–Price, *Double and Multiple reprezentations in Greek art and religions thougtht* JHS XCI, 1981, 67–69.

[18] Н. Вулиќ, Споменик LXXVII, br. 426; Б. Јосифовска, *Водич низ лапидариумот* Скопје 1961, 68; В. Соколовска, MAA 9, 120.

[19] Δ.Λαξαρίδου, Πήλινα 'ειδώλια 'Αβδήρων εν 'Αθῆναις 1960, 37–38, V 82 i 84, 34; D. Burr Thompson, Troy, Princeton 1963, 77–8; V. Mollard–Besques, Myrine II, Paris 1963, Pl. 177.

[20] M.J. Vermaseren, *Corpus cultus* VII, 1977, br. 146, со иста катедра и два лава, но недостига главата.

[21] Θ. Ριξακης Γ. Τουράτσογλου 'Επιγραφὲς ἄνω Μακεδονία, 'Αυῆνα 1985, br. 95 i 103; M.H. Blanchaud, *Les cultes orientaux en Macédone greque dans l'antiquité*, Ancient Macedonia IV, Thessaloniki 1986, 84, 85.

[22] M. Ανδρόνικος, I. Βοκοτοπούλου, Δ. Γραμηένος, Αρχαία Μακεδονία. 'Αθῆνα 1988, 318, 324, 275.

ла со два лава на столот замислен е уште во V век, како што раскажува Паузанија, по идејата на скулпторот Агораклит или Фидија[23]. Таа замисла се чини дека се обновува во касно-хеленистичкиот период дополнета со нови детали, присутна посебно на трако–македонскиот брег и изведувана и во римскиот период[24].

Најдобро сочуваниот пример од Варош отвара нови можности за размислување од една страна стилски, од друга иконографски. Одредените архаизирани елементи кои се присутни во третманот на лицето и косите не се туѓи на еклектичноста на хеленистичката уметност. На некои примери во Фригија уште од VI век пр. н.е. во калатосот се приметни зачетоците на неговото формирање во вид на тврдина–кули[25]. Сепак, приметно присуство на Кибела πυργοφόρος во теракотите од Тракија, Мала Азија, Делос, Македонија[26] е очигледно во касниот хеленизам. Во царскиот период, почитувањето на овој тип на Кибела, се среќава на широко подрачје потврдено и со изворите и со наодите[27], како заштитничка и дародателка на благосостојбата, за разлика од Тихе која е персонификација на имањето и симбол на градот. Воопшто, со појавата на оваа варијанта можат да се насетат поинтензивните влијанија кои струјат од малоазискиот и трачки брег кон Македонија и подлабоко.

Со овој преглед сакав да поставам и подвлечам некои проблеми околу развојните патишта на оваа ориентална богинка така одомаќена кај Хелените и нивните соседи. Најстарите споменици се чини дека се во одредена врска со грчкото копно, но секако дека влијанијата се продирани преку атинските колонии од северноегејскиот брег. Каснохеленистичките примери кои стигнуваат и во областа на Деуриопос треба да се поставаат во тесна врска со култните центри на македонско–трачкиот брег, чии релации директни или индиректни со Мала Азија се потврдени и во другите сфери на материјалната култура.

Овој прилог во оваа фаза само ги посочува одредените размислувања околу појавата и продорот на култот на богинката Мајка заштитничка и дародателка на благосостојбата

[23] Види fus not. 5; A. von Salis, Die Göttermutter des Agorakritos, JDI XXVIII, 1913, недостапно.

[24] M. Тачева Хитова, История на източните култове в Долна Мизия и Тракия, V век пр.н.е. – IV век н.е., София 1982, 213–218.

[25] E. Acurgal, *Die Kunst Anatoliens*, Berlin 1961, 95, 96.

[26] D. Bürr Thompson, op. cit., 38, br. 44–47; Δ Λαζαρίδου op. cit 82–84; M.J. Vermaseren, VII, br. 613.

[27] N. Cambi, *Ženski likovi s krunom u obliku gradskih zidina iz srednje Dalmacije*, Vjesnik za arh. i hist. Dalmat. LXV–LXVII, Split 1971, 56–60 и наведената литература.

во форма на фигиската Кибела, во најсеверните простори на античка Македонија и Пајонија. Во оваа прилика не се исцрпени сите можности на проучувањето на овој култ на територијата на СРМ кои ќе следат во една поопширна студија, а нови откривања не исклучуваат пошироки согледувања и заключоци.

## RÉSUMÉ

*Vera Bitrakova Grozdanova:* LES IMAGES DE CYBELE DE VAROŠ ET SON CULTE EN MACEDOINE

Dans les fouilles faites à Varoš, près de Prilep (Ceramiae), on a découvert trois images de la déesse Cybèle exécutées en terre cuite. Elles ont été retrouvées dans une couche culturelle de l'époque hellénistique et accompagnées d'une céramique mégarienne des IIe et Ier siècles avant notre ère. Au sujet de cette trouvaille, provenant probablement d'un lieu de culte, on a considéré aussi les autres images de cette déesse orientale qui occupe une place dominante parmi les trouvailles de la vallée du Vardar ( Stobi, Marvinci). On a distingué alors cinq types: une image double – l' edicule de Cybèle dans un naïscus, Cybèle avec des acolytes, Cybèle avec un lion, Cybèle écrasant des acolytes et des pattes de lion et Cybèle avec deux lions, datant tous du IIIe siècle avant notre ère jusquá la période de l'Empire romain.

Les trois terres cuites de Varoš (hauteur 23–32, 17 et 20 cm) représsentent la déesse de la fécondité avec deux lions, exécutés suivant le prototype du Ve siècle (Agoracritos ou Phidias). Mais cette exécution se rencontre plus fréquemment dans l'industrie de terre cuite de la basse époque hellénistique. On ne rencontre des analogies nombreuses en Asie Mineure, de meme que sur la côte thracienne et macédonienne (Troie, Myrina, Perinthus, Abdera, Amphipolis, Thessalonique, Pella). Une des terres cuites avec calathos en forme de forterresse appartient au type de Cybèle πυργοφόρος ou Mater turrigena. Cette image iconographique de la Grande Mère, développée dans le bas hellénisme, se rencontre souvent sur la côte thraco–macédonienne et en Asie Mineure, tandis que pendant la période de l'Empire romain elle sera vénérée aussi sur un territoire plus étendu. Il est possible que ces terres cuites aient été faites dans un des ateliers de terre cuite de Pella (?) où l'on rencontre des trouvailles analogues.

Dans ce rapport, on a souligné certains problèmes realtifs á l'évolution de cette divinité orientale devenue familière aux hellènes et à leurs voisins hellénisés. Il semble que les monuments les plus anciens aient des rapports avec le sol grec à cause de leurs analogies que l'on rencontre dans l' Attique, les influences ayant pénétré à travers les colonies athéniennes sur la côte égéenne du nord. Les exemplaires du bas hellénisme qui arrivent meme dans la région de Deurriopos doivent être mis en rapport étroit avec les centres de culte de la côte macédo–thracienne dont les relations, directes ou indirectes, avec l'Asie Mineure ont été également confirmées dans les autres sphères de la culture matérielle.





